# СРД ги повикува медиумите да известуваат професионално

**СКОПЈЕ, 02.10.2012** – Советот за радиодифузија (СРД) ги повикува медиумите да ги почитуваат професионалните новинарски стандарди и принципи и да избегнуваат сензационализам во известувањето.

Законот за радиодифузната дејност во програмските стандарди, меѓу останатото, налага радиодифузерите во нивните програми да го поттикнуваат духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло, да поттикнуваат меѓународно разбирање и соработка, да го развиваат чувството на јавноста за правичност и за одбрана на демократските слободи.

СРД очекува од медиумските професионалци да објавуваат проверени информации.